36704

Нова Македонија, Скопје, 10 III 1989, 15131, 10

ВЕЧЕРВА ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# ТИЕ СЕКОЈДНЕВНИ ПРЕДМЕТИ

● ПОСТАВКАТА, КОЈА АВТОРОТ ПЈЕР ИВ КУТИНО ЈА ПОДГОТВИЛ ЗАЕДНО СО МНОГУБРОЈНИ СОРАБОТНИЦИ, ГИ ПРИКАЖУВА ТЕНДЕНЦИИТЕ НА ФРАНЦУСКИОТ ДИЗАЈН



Елизабет Гаруст: кабинет од теракота, 1987

Вечерва во 18 часот во Музејот на современата уметност ќе биде отворена изложба под наслов „Тие секојдневни предмети", подготвена во соработка меѓу Музејот, Скопскиот саем и Францускиот културен центар. Оваа поставка, наменета на меѓународната соработка на културен план, е составена од секојдневни предмети и панoа, а цел и е да ги прикаже тенденциите на францускиот дизајн, богатството и разновидноста на француската креација што го соединува корисното, функционалното и естетското.

Автор на концепцијата на изложбата „Тие секојдневни предмети" е Пјер Ив Кутино, а во нејзината реализација учествувале повеќе француски институции, ателјеа, дизајнери, индустријалци, издавачки куќи, агенции за промоција на дизајнот и други. Авторот и многубројните соработници, со помош на сугестиите и советите на стотина француски стручњаци од оваа област ја составиле оваа изложба и нејзината содржина така што посетителите имаат комплетен увид во струите што постојат во современата севкупна крација во оваа земја.

Изложбата е поделена во шест секции во зависност од статусот што секојдневните предмети ги имаат: приватни, куќни, детски, предмети за забава, работни и предмети од фантазијата. Се очекува да ја отвори директорот на францускиот културен центар во Скопје, Андре Вињ.

С. Г.